# Јавен повик

Советот на Град Скопје, на предлог на Градоначалникот на Град Скопје, на четвртата седницата одржана на 10.12.2025 година изгласа Програма со која се определуваат видовите на повластеното користење на јавниот градски превоз, категориите на лица со попреченост кои имаат право на повластено користење на јавниот градски превоз, како и условите и постапката за стекнување на тоа право.

Заинтересираните граѓани, лица со оштетен вид, лица со оштетен слух, лица со телесно оштетување, лица со интелектуална попреченост, бубрежно болни лица, лица со аутистичен спектар на однесување како и инвалидите на трудот, инвалидски пензионери и воените инвалиди, правото на повластено користење на јавниот градски превоз можат да го остварат преку соодветните здруженија на граѓани организирани на подрачјето на градот Скопје.

Здруженијата се задолжуваат да изготват список за членовите кои претходните години земале билети и со изјава да ја потврдат веродостојноста на списокот без приложување на документи. За новите баратели на билети потребно е да изготват список и да приложат документи (копија од лична карта; решение, наод и мислење за видот и степенот на психофизичката попреченост издадено од надлежен орган; документ за статусот: потврда за редовност (за деца од основно образование) потврда за редовни студенти, потврда за работен однос или потврда за невработеност, решение за стекнување право на инвалидска или трудова пензија) најдоцна до **22.12.2025 година.** Исто така сите корисници треба да достават изјава за согласност за обработка на лични податоци, потпишана од барателот.

Здруженијата, документацијата треба да ја предадат затворена во плико, со дознака: *до Одделение за социјална, детска и здравствена заштита - за Повластен јавен градски превоз*, во Архивата на Град Скопје, барака 16.
За дополнителни информации претставниците на здруженијата можат да се јават на следните телефони: 3297 – 278 и 3297 – 321.